# ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК

Информации во врска со утврдувањето и наплатата на данок на промет на недвижности во Општина Делчево

**Предмет на оданочување**

Данок на наследство и подарок се плаќа на недвижниот имот и право на плодоуживање и користење на недвижниот имот, кои наследниците односно примателите на подароци ги наследуваат, односно примаат врз основа на Законот за наследување, односно договорот за подарок.

**Даночен обврзник**

Даночни обврзници на овој данок се физички или правни лица-резиденти на Република Македонија, кои наследуваат имот или примаат имот на подарок во земјата или странство, и странско физичко и правно лице-нерезидент, за недвижниот и подвижниот имот што го наследува или прима на подарок на територијата на Република Македонија.
Ако наследникот што се прифатил за наследник го отстапи наследството во корист на лице кое би дошло до тоа наследство и во случај наследникот да не му го отстапил, данокот го плаќа лицето во чија сопственост преминува наследениот имот, а ако наследникот отстапи наследство на определено лице, кое не би дошло до наследство во случај наследникот да не му го отстапил, тогаш наследникот што го отстапил наследството плаќа данок на наследство, а лицето во чија корист е отстапено наследството плаќа данок на подарок.

**Даночна стапка**

Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.
Наследник или примател од прв наследен ред е ослободен од плаќање данок.
Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 3%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот данокот се пресметува по стапка од 5%, согласно Одлуката за утврдување на висината на стапката на данокот на наследство и подарок донесена од Советот на Општина Делчево.

**Даночна основа**

Пазарната вредност на недвижниот имот утврдена од страна на овластен проценител согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот (Сл.весник на Рм бр.54/2012...142/14).

- **Постапка на утврдување данок на промет**

1.Поднесување на даночна пријава за наследениот или подарениот имот просториите на општина Делчево, во рок од 15 дена од денот на склучувањето на актот за наследување или подарување

2. Уплата на административна такса од 250 ден. по учесник во постапката.
3. На даночната пријава треба да се наведе лице за контакт и контакт телефон;

4. Утврдувањето на пазарната вредност на недвижноста ја вршат проценители вработени лица во Општина Делчево.
5. Одговорните лица изготвуваат Решение за данок на наследство и подарок;
6. Решението за данок на наследство и подарок се подига од просториите на Општински центар за услуги, во склоп на Општина Делчево.
7. Против Решението за наследство и подарок донесено од Градоначалникот на Општина Делчево може да се поднесе тужба во рок од 30 дена од денот на прием на Решението до Управниот суд на РСМ.

- **Потребни документи**

1. Даночна пријава за утврдување на данок на промет на наследство и подарок (законски пропишана форма);
2. Договори за подарок ( број на примероци наведени во договор или нотарски акт), Наследно решение, одлуки на Суд и други акти на наследување и подарување на сопственост.
3. Доказ за сопственост на недвижноста (имотен лист);
4. Доказ за сродство (извод од матична книга на родени);5.
5. . Друга дополнителна документација што ќе се јави како потребна во текот на постапката

- **Сметка за уплата на данок на наследство и подарок**

| ПРИМАЧ | **ТРЕЗОРСКА СМЕТКА** |
|---|---|
| БАНКА НА ПРИМАЧОТ | **НАРОДНА БАНКА НА РСМ** |
| СМЕТКА | **100 0000000630 95** |
| УПЛАТНА СМЕТКА | **840-120-02533** |
| ПРИХОДНА ШИФРА | **713211 00** |

- **Сметка за уплата на административна такса**

| ПРИМАЧ | **ТРЕЗОРСКА СМЕТКА** |
|---|---|
| БАНКА НА ПРИМАЧОТ | **НАРОДНА БАНКА НА РСМ** |
| СМЕТКА | **100 0000000630 95** |
| УПЛАТНА СМЕТКА | **840-120-03182** |
| ПРИХОДНА ШИФРА | **722315 00** |

- **Контакт**

Сектор: Сектор за финансиски прашања
Одделение: Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци.
Одговорно лице: Сања Стоиловска
Телефон: + 389 33 411 550
Работно време: 07:30 – 15:30 часот

- Документи (attach)
- Даночна пријава за данок на наследство и подарок;
- Одлука на Совет на Општина Делчево за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок.